РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-555/13
17.07 2025 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/2002 и службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), член 50 став 1 алинеа 7 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник на Општина Пехчево бр. 03/21) Градоначалникот на општина Пехчево донесе

# О Д Л У К А
## За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. За извршител на работно место -УПР0101В01 - Советник, работно место: Земјоделство и рурален развој, во одделение локален економски развој се избира кандидатот Слаѓана Бојчовска со идентификациски код 482548А.

2. Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работно место по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување и распоредување.

3. Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## *О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

По барање на општина Пехчево на ден 06.06.2025 година Агенцијата за администрација објави јавен оглас број 425/2025 на својата интернет страница како и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" за вработување на еден административен службеник на работно место УПР0101В01 Советник работно место Земјоделство и рурален развој во Одделение за локалнен економски развој.

Со решение за формирање на комисија за вработување по јавен оглас број 425/2025 од страна на Агенцијата за администрација е формирана е комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување по објавениот јавен оглас.

Комисијата за селекција на ден 27.06.2025 година во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција при што утврди дека на огласот се пријавиле 03 кандидати од кои 01 уредни и 02 неуредни кандидати. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас 425/2025 на ден 11.07.2025 год. во 11:00 часот спроведе испит за административен службеник, а на ден 15.07.2025 спроведе

постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју. Интервјуто за административен службеник се одржа со 1 (еден) уреден кандидат согласно записник бр. 10-1258/6 од 15.07.2025.

Согласно со добиените бодови од административната селекција, испитот и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и достави Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работното место број 1 по јавен оглас број 425/2025 заведени под број 10-1258/7 од 15.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна Поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил Марија Ризовски

Општина Пехчево

Градоначалник

Александар Китански

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Доставено до
Именуваната,
Агенција за администрација,
Одделение за човечки ресурси,
Архива,